среда, 20 февруари, 11:30ч.
амфитеатар на УКИМ Шумарски факултет во Скопје

## „Еколошки активизам и случајот со шумата Хамбахер"

**Рамона Франк** (Ramona Frank), **Мара Апелхаген** (Mara Appelhagen), студенти на Центарот Рејчел Карсон за екологија и општество, на Универзитетот Лудвиг Максимилијан (Rachel Carson Center for Environment and Society, Ludwig Maximillian University, Munich)

Активностите поврзани со спасување на шумата Хамбахер, во северозападна Германија, во последната деценија станаа еден од глобално препознатливите симболи на еко-активизмот за борбата против индустријата за фосилни горива. Таа шума беше окупирана од еко-активисти во текот на полни 6 години, со цел оневозможување на сечењето и уништувањето на шумата која таму постои 12 илјади години, од страна на компанија за ископ на јаглен.

Преку презентацијата, две директни учеснички во протестите, Рамона Франк и Мара Апелхаген, ќе ни ги претстават своите искуства, видувања и размислувања околу моќта на методите и алатките на еко-активизмот, во времиња на локална и глобална криза. Нивна цел е да покажат дека овој не е само изолиран случај на Давид против Голијат, туку е дел од едно глобално движење и напори за поголема етика и правда во животната средина и во еколошките аспекти на живеењето.

За повеќе информации посетете ја веб страната: https://en.wikipedia.org/wiki/Hambach_Forest